

Со средства во висина од 3.000.000 денари на улицата „Браќа Миладинови“ се врши поставување на атмосверска канализација со што се решава еден проблем со кој со соочуваат жителите кои живеат на оваа улица. Поволните временски услови присутни во овој период од годината му овозможуваат на
и
зведувач
от
на работите фирмата „Павер трејд дооел“ која го врши поставувањето на цевки
те
за одвод на уличните води од оваа улица
да ги интензивира работите на терен и оваа активност да биде реализирана во предвидениот рок за тоа. Градоначалникот на општина Неготино Тони Делков изврши увид на работите, изрази задоволство од динамиката на одвивање на истите и истакна дека
по завршувањето на градежните работите
,
улицата
ќе биде вратена во првобитната состојба.





